Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Правилник**

1. Се прогласува Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија, правните лица во областа на спортот и здруженија на граѓани.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09- 1299/1** **Градоначалник**
**30.06.2023 г.** **Димчо Атанасовски с.р**
**М.Каменица**

Врз основа на член 22, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/2002), член 22-а од Законот за спортот („Службен Весник на РМ“ бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19 и 244/19), во врска со член 15 точка 6 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Службен гласник на Општина Македонска Каменица РМ“ бр.20/19, 38/20) и член 49 од Законот за здруженија и фондации („Службен Весник на РМ“ бр.52/10, 135/11, 55/16 и „Службен Весник на РСМ“ бр 239/2022), Советот на Општина Македонска Каменица на 25$^{та}$ седница одржана на 30.06.2023 година, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, ПРАВНИ ЛИЦА ВООБЛАСТА НА СПОРТОТ И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот, како и на здруженијата на граѓани.

### Член 2

Во Буџетот на Општина Македонска Каменица за секоја година посебно се предвидуваат средствата кои се доделуваат во вид на:

1.Финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија и правни лица во областа на спортот;

2.Финансиска помош на здруженија на граѓани.

## II. ФИНАНСИСКА ПОМОШ НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, ПРАВНИ ЛИЦА ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ

Член 3

Општина Македонска Каменица доделува финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот, кои извршуваат јавен интерес во спортот во Општина Македонска Каменица и тоа согласно одредбите од член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа, член 22-а од Законот за спортот и согласно одредбите на овој Правилник.

Член 4

Висината на средствата за финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот се одредува во Буџетот на Општината за секоја година посебно.

Од предвидените средства од став 1 на овој член, 90% се доделуваат по пат на јавен оглас согласно одредбите на овој правилник, додека 10% од предвидените средства од став 1 на овој член се распределуваат со поднесување на барање и тоа во исклучителни ситуации кои се предвидени во член 24 од овој правилник.

Висината на финансиската помош која поединечно може да ја добие спортски клуб, спортско здружение и правни лица во областа на спортот во тековната година по пат на јавен повик се определува соодветно на оправданоста и потребите за реализирање на бараните проекти.

### Услови, начин и постапка за доделување на финансиска помош

Член 5

Доделувањето на финансиска помош на спортски клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот од Општина Македонска Каменица се врши врз основа на јавен повик објавен од страна на Градоначалникот на Општина Македонска Каменица.

Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Македонска Каменица и во средствата за јавно информирање.

Јавниот повик се објавува на почетокот на календарската година (од јануари до крајот на март, со исклучок за 2023 година до 15 јули).

Рокот за пријавување изнесува 7 дена од денот на објавата на повикот.

Член 6

На јавниот повик можат да се пријават сите спортски клубови и спортски здруженија кои се регистрирани и дејствуваат на територијата на Општина Македонска Каменица, спортски клубови во рамките на основното училиште и средното училиште во Општина Македонска Каменица, под услови утврдени со овој правилник.

Право на учество на јавниот повик имаат правни лица кои се регистрирани на подрачјето на општина Македонска Каменица и ќе организираат спортски манифестации на територијата на Општина Македонска Каменица, а кои придонесуваат за развојот на спортот на локално ниво (во натамошниот текст ,,правни лица во областа на спортот,,).

Член 7

Јавниот повик за доделување на финансиска помош спортски клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот, содржи:

- назив на органот кој го објавува;
- општи услови кои треба да ги исполнат пријавените;
- критериуми кои треба да ги исполнат пријавените;
- потребната документација која треба да ја достават;
- висината на средства која може да се добие поединечно;
- начин на пријавување;
- рок за поднесување на пријавите;
- адреса на која треба да се испратат документите.

Член 8

Спортските клубови и спортски здруженија кои ќе се пријават на јавниот повик кон пријавата треба да достават:

- тековна состојба од Централен регистар на РМ не постара од шест месеци (копија или оригинал);
- решение за дејност спорт, издадено од Агенцијата за млади и спорт (копија);
- годишна програма за работа во тековната година;
- извештај за искористени средства од Општина Македонска Каменица за претходната година (доколку користеле средства);
- листа со спортските успеси кои ги постигнале во последните две години, поткрепена со докази;
- листа на регистрирани членови на спортски клубови и здруженија за тековната натпреварувачка година;
- официјален годишен билтен за учество во национален систем на натпревари во последните три натпреварувачки години.

Правни лица во областа на спортот кои ќе се пријават на јавниот повик за да организираат спортски манифестации на територијата на Општина Македонска Каменица кон пријавата треба да достават:

- тековна состојба од Централен регистар на РМ не постара од шест месеци (копија или оригинал);
- програма и финансиски план за реализација на спортска манифестација;
- извештај за искористени средства од Општина Македонска Каменица за претходната година (доколку користеле средства).

Член 9

Општината на почетокот на календарската година (од јануари до март, за 2023 година до 15 јили) во тековната година објавува јавен повик за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот.

Пријавата и документацијата пропишана во член 8 се доставува до архивата на Општина Македонска Каменица, по пошта или во електронска форма.

Пријавата и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака ,,Не отварај* и си назнака ,, за јавен повик за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот,,.

Пријавата се доставува во еден примерок кој треба да биде потпишан од одговорното лице на пријавениот.

Во електронска форма пријавите и документацијата се праќаат на официјалната електронска адреса на Општина Македонска Каменица со назнака ,,за јавен повик за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот,,.

**Комисија**

Член 10

Постапката за доделување финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот ја спроведува Комисијата за спорт (во натамошниот текст ,,Комисија,,) согласно одредбите на овој правилник.

Комисијата за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот (во натамошниот текст Комисија) е Комисијата за спорт формирана од членови на Советот на Општина Македонска Каменица како постојана Комисија предвидена со Статутот на општина македонска Каменица.

Член 11

Комисијата за спорт ги има следните надлежности:

- ги утврдува критериумите за оценување за износот на финансиската помош;
- ги отвара и разгледува пријавите;
- утврдува листа на пријавени согласно утврдените критериуми;
- врши разгледување на финансиските извештаи;
- дава предлог листа за доделување финансиска помош до Советот на општина Македонска Каменица.

Член 12

Комисијата работи на седници.

Седницата на Комисијата ја свикува и со неа раководи претседателот на Комисијата.

За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

Претседателот и членовите имаат право во записникот да го внесат издвоеното мислење.

Член 13

Претседателот на Комисијата е должен во рок од најмногу 15 дена по истекот на предвидениот рок за доставување на пријавите да свика седница на Комисијата за разгледување на поднесените пријави.

Член 14

Комисијата најпрвин утврдува дали пристигнатите пријави се комплетни и дали се доставени во предвидениот рок.

Ако пријавите се некомплетни и ненавремени, Комисијата ги известува подносителите на пријавите.

Член 15

Доколку пријавата е комплетна и навремена, Комисијата врши проценка и оценување согласно утврдените критериуми.

Комисијата го задржува правото да не ги додели сите предвидени средства, доколку врз основа на доставени пријави увиди дека е помал бројот на пријавени од предвиденото или доколку утврди дека пријавените спортски клубови, спортски здруженија и правни лица во областа на спортот не се на задоволително ниво, односно не ги задоволуваат утврдените критериуми.

Член 16

Комисијата со мнозинство гласови дава предлог листа за доделување финансиска помош и ја доставува до Советот.

Член 17

Одлуката за доделување на финансиска помош ја донесува Градоначалникот на Општина Македонска Каменица во рок од 15 дена од приемот на предлогот на Комисијата.

**Склучување на договор**

Член 18

Помеѓу Општина Македонска Каменица и спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот на кои се доделува финансиска помош се склучува Договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

Договорот се склучува во рок од 15 дена сметано од денот на донесувањето на одлуката за доделување на финансиска помош.

Член 19

Договорот за финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот ги содржи следните елементи:

- страни на договорот;
- предмет на договорот;
- обврски на договорните страни;
- начин на исплата на доделените средства;
- рок на важност на договорот;
- причини за раскинување на договорот.

Член 20

Финансиската помош што ќе ја добијат спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот, Општината ќе им ја исплати сукцесивно во текот на годината во зависност од расположивите средства во Буџетот.

**Контрола на наменското користење на средствата за финансиска помош**

Член 21

Спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот кои имаат добиено финансиски средства се должни да поднесуваат полугодишни и годишни финансиски извештаи за наменското користење на средствата за финансиска помош.

Полугодишниот извештај се доставува најдоцна до 31 Јули во тековната година, а годишниот финансиски извештај се доставува најдоцна до 31 Декември во тековната година и истите содржат податоци за начинот, намените и периодот на трошење на средствата, ефектите од користењето на средствата, остварените спортски резултати, а во прилог се доставува и детален приказ на потрошените средства поткрепени со документација.

Член 22

Доколку се утврди дека средства кои ги добиле спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот не ги искористиле согласно намената и согласно договорот, Општината ќе бара да се вратат примените средства.

Член 23

Комисијата за спорт врши разгледување на финансиските извештаи за наменско користење на средствата и ја утврдува:

- навременоста на доставувањето на извештајот;
- целовитоста на извештајот;
- наменско/ненаменско користење на средствата.

Врз основа на финансискиот извештај комисијата утврдува кои пријави ќе бидат земени во предвид за доделување/недоделување на средства со следниот јавен повик.

**Доделување на финансиска помош со барање**

Член 24

Во исклучителни ситуации спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот можат да поднесат барање за доделување на финансиска помош после објавувањето на јавниот оглас и тоа само под следните услови:

- барањето да се однесува само за организирање на спортски манифестации кои треба да се одржат на теритиријата на Општина Македонска Каменица, а организаторот не можел да ги предвиди пред објавувањето на јавниот повик;
- подносителот на барањето да нема добиено финансиска помош преку јавниот повик во тековната година;
- да не се распределени сите средства предвидени за финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот во Буџетот на Општина Македонска Каменица;

Постапката за доделување на финансиската помош од ставот 1 на овој член се покренува со поднесување на писмено барање до архивата на Општина Македонска Каменица.

Комисијата за спорт го разгледува барањето и констатира дали се исполнети условите од став 1 точка 1, 2 и 3 и дава предлог до Градоначалникот на Општината.

По доставувањето на предлогот Градоначалникот донесува Решение за одобрување или одбивање на барањето за доделување на финансиска помош.

III.ФИНАНСИСКА ПОМОШ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ

Член 25

Финансиска помош од Буџетот на Општина Македонска Каменица се доделува на здруженија на граѓани за проекти и програми кои придонесуваат за постигнување на целите утврдени во стратешките документи, програми и планови на општината.

Приоритетните области и цели за финансирање на проекти и програмски активности се локалниот економски развој, техниката, образованието, културата, уметност, социјална заштита и заштита на животната средина.

Предност ќе имаат настани кои се спроведуваат на територијата на Општина Македонска Каменица.

Член 26

Висината на средствата за финансиска помош на граѓански здруженија се одредува во Буџетот на Општината за секоја година посебно.

Од предвидените средства од став 1 на овој член, 90% се доделуваат по пат на јавен повик согласно одредбите на овој правилник, додека 10% од предвидените средства од став 1 на овој член се распределуваат со поднесување на барање и тоа во ислучителни ситуации кои се предвидени во член 49 од овој правилник.

Висината на финансиската помош која поединечно може да ја добие граѓанско здружение во тековната година по пат на јавен повик се определува соодветно на оправданоста и потребите за реализирање на бараните проекти.

**Услови, начин и постапка за доделување на финансиска помош**

Член 27

Доделувањето на финансиска помош на здруженија на граѓани од Општина Македонска Каменица се врши врз основа на јавен повик објавен од страна на Градоначалникот на Општина Македонска Каменица.

Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Македонска Каменица и во средствата за јавно информирање.

Јавниот повик се објавува на почетокот на календарската година (од јануари до крајот на март, за 2023 до 31 јули).

Рокот за пријавување изнесува 7 дена од денот на објавата на повикот.

Член 28

На јавниот повик можат да се пријават сите здруженија на граѓани кои се регистрирани и активно дејствуваат на територијата на Општина Македонска Каменица најмалку една година пред објавувањето на повикот.

Член 29

Јавниот повик за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, содржи:

- назив на органот кој го објавува;
- приоритетни области и цели;
- општи услови кои треба да ги исполнат пријавените;
- критериуми кои треба да ги исполнат пријавените;
- временска рамка за спроведување на проектите;
- висина на средства која може да ги добие здружението;
- потребната документација која треба да ја достават;
- начин на пријавување;
- рок за поднесување на пријавите;
- адреса на која треба да се испратат документите.

Член 30

Граѓанските здруженија кои ќе се пријават на јавниот повик кон пријавата треба да достават:

- тековна состојба од Централен регистар на РМ не постара од шест месеци (копија или оригинал);
- решение за упис во Регистарот на здруженија и фондации (копија);
- годишна програма за активности во тековната година;
- извештај за искористени средства од Општина Македонска Каменица за претходната година (доколку користеле средства);
- профил на организацијата со листа на досега реализирани проекти;
- предлог-проект;
- изјав од одговорното лице на здружението дека за истиот проект нема одобрено или добиено финансиски средства од други институции или организации.

Член 31

Здруженијата можат да поднесат само една пријава за финансиска помош или да поднесат повеќе пријави за финансиска помош во разни области на делување.

Доколку здруженијата поднесат повеќе пријави истите можат да добијат финансиска помош само за еден проект или само за една програма.

Здруженија можат да аплицираат преку заеднички проекти во соработка со Општината.

Здруженија можат да аплицираат партнерски со други здруженија од Општината преку заеднички проект.

Член 32

Општината на почетокот на календарската година (од јануари до март, за 2023 година до 31 јули) во тековната година објавува јавен повик за доделување на финансиска помош на граѓански здруженија.

Пријавата и документацијата пропишана во член 30 се доставува до архивата на Општина Македонска Каменица, по пошта или во електронска форма.

Пријавата и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака ,,Не отварај* и си назнака ,, за јавен повик за доделување на финансиска помош на граѓански здруженија,,.

Пријавата се доставува во еден примерок кој треба да биде потпишан од одговорното лице на здружението.

Во електронска форма пријавите и документацијата се праќаат на официјалната електронска адреса на Општина Македонска Каменица со назнака ,,за јавен повик за доделување на финансиска помош на граѓански здруженија,,.

Комисија

Член 33

Постапката за доделување финансиска помош на граѓански здруженија ја спроведува Комисија за доделување на финансиска помош на граѓански здруженија согласно одредбите на овој правилник.

Член 34

Повремената Комисијата за доделување на финансиска помош на граѓански здруженија (во натамошниот текст Комисија) со Решение ја формира Советот на Општина Македонска Каменица од редот на членовите на Советот на Општина Македонска Каменица.

Член 35

Повремената Комисијата ги има следните надлежности:
- ги утврдува критериумите за оценување;
- ги отвара и разгледува пријавите;
- утврдува листа на пријавени согласно утврдените критериуми;
- врши разгледување на финансиските извештаи;
- ја следи реализацијата на проектите и програмите;
- доставува предлог листа за доделување финансиска помош до Советот.

Член 36

Комисијата работи на седници.

Седницата на Комисијата ја свикува и со неа раководи претседателот на Комисијата.

За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

Претседателот и членовите имаат право во записникот да го внесат издвоеното мислење.

Член 37

Претседателот на Комисијата е должен во рок од најмногу 15 дена по истекот на предвидениот рок за доставување на пријавите да свика седница на Комисијата за разгледување на поднесените пријави.

Член 38

Комисијата најпрвин утврдува дали пристигнатите пријави се комплетни и дали се доставени во предвидениот рок.

Ако пријавите се некомплетни и ненавремени, Комисијата дава предлог до Градоначалникот за отфрлање на пријавата.

Член 39

Комисјата врши проценка на пристигнатите пријави по критериумите кои ќе ги утврдат пред распишувањето на јавниот повик.

Комисијата го задржува правото да не ги додели сите предвидени средства, доколку врз основа на доставените пријави увиди дека квалитетот на проектите и програмите не се на задоволително ниво, односно поголем дел од проектите и програмите не ги задоволуваат утврдените критериуми.

Член 40

Комисијата дава предлог листа за доделување финансиска помош и ја доставува до Советот.

Член 41

Одлуката за доделување на финансиска помош ја донесува Градоначалникот на Општина Македонска Каменица во рок од 15 дена од приемот на предлог листата на Комисијата.

**Склучување на договор**

Член 42

Помеѓу Општина Македонска Каменица и здружението на кое се доделува финансиска помош се склучува Договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

Договорот се склучува во рок од 15 дена сметано од денот на донесувањето на одлуката за доделување на финансиска помош.

Член 43

Договорот за финансиска помош на граѓански здруженија ги содржи следните елементи:
- страни на договорот;
- предмет на договорот;
- обврски на договорните страни;
- начин на исплата на доделените средства;
- рок на важност на договорот;
- причини за раскинување на договорот.

Член 44

Финансиската помош што ќе ја добијат здруженијата, Општината ќе им ја исплати сукцесивно во текот на годината во зависност од расположивите средства во Буџетот.

**Контрола на наменското користење на средствата за финансиска помош**

Член 45

Доделените финансиски средства здруженијата ги користат исклучиво за намената за која се доделени и на начин определен во предлог проектот или програмата.

Здруженијата кои имаат добиено финансиски средства се должни да поднесуваат полугодишни и годишни финансиски извештаи за наменското користење на средствата за финансиска помош.

Полугодишниот извештај се доставува најдоцна до 31 Јули во тековната година, а годишниот финансиски извештај се доставува најдоцна до 31 Декември во тековната година и истите содржат податоци за начинот, намените и периодот на трошење на средствата, ефектите од користењето на средствата, а во прилог се доставува и детален приказ на потрошените средства поткрепени со документација.

Член 46

Доколку се утврди дека средства кои ги добило здружението не ги искористило согласно со намената и согласно договорот, Општината ќе бара да се вратат примените средства.

Член 47

За време на реализацијата на проектот здруженијата кои добиле финансиска помош задолжително треба да обезбедат видливост на поддршката од Општината преку користење на логото на Општината.

При организација на јавни настани поврзани со проектот кој добил финансиска помош, здруженијата треба да доставт покана за присуство на официјални лица од Општината.

Член 48

Комисијата за доделување на финансиска помош ја следи реализацијата на проектите и програмите и врши разгледување на финансиските извештаи на граѓанските здруженија за наменско користење на средствата и ја утврдува:

- навременоста на доставувањето на извештајот;
- целовитоста на извештајот;
- наменско/ненаменско користење на средствата.

Врз основа на финансискиот извештај и врз основа на постигнатите резултати комисијата утврдува кои пријави ќе бидат земени во предвид за доделување/недоделување на средства со следниот јавен повик.

**Доделување на финансиска помош со барање**

Член 49

Во исклучителни ситуации здруженијата на граѓани можат да поднесат барање за доделување на финансиска помош после објавувањето на јавниот оглас и тоа само под следните услови:

- барањето да се однесува само за проекти, програми и настани кои треба да се од значење за Општина Македонска Каменица, а кои барателот не можел да ги предвиди пред објавувањето на јавниот повик;
- подносителот на барањето да нема добиено финансиска помош преку јавниот повик во тековната година;
- да не се распределени сите средства предвидени за финансиска помош на здруженија на граѓани во Буџетот на Општина Македонска Каменица;

Постапката за доделување на финансиската помош од ставот 1 на овој член се покренува со поднесување на писмено барање до архивата на Општина Македонска Каменица.

Комисијата го разгледува барањето и констатира дали се исполнети условите од став 1 точка 1, 2 и 3 и дава предлог до Советот.

По доставувањето на предлогот Советот за одобрување или одбивање на барањето за доделување на финансиска помош одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 50

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Македонска Каменица,,.

**Број 08-1300/1**
**30.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за недавање согласност за измена на годишен план за вработување во ЈП „Камена Река“ Македонска Каменица за 2023 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09- 1301/1** **Градоначалник**
**30.06.2023 г.** **Димчо Атанасовски с.р**
**М.Каменица**

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/2020 и 302/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/19 и 38/20), Советот на општина Македонска Каменица на 25[та] седница одржана на ден 30.06.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За недавање согласност на измена на Годишниот план за вработување во ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица за 2023 година**

**Член 1**

Советот на Општина Македонска Каменица не даде согласност на измена на Годишниот план за вработување во ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица за 2023 година заведен под бр.04-204/1 од 07.06.2023 година.

Измената на Годишниот план за вработување е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-1302/1** **Совет на општина М.Каменица**
**30.06.2023 г.** **Претседател**
**М.Каменица** **Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за давање согласност на годишен план за вработување во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-1303/1** **Градоначалник**
**30.06.2023 г.** **Димчо Атанасовски с.р**
**М.Каменица**

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/2020 и 302/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/19 и 38/20), Советот на општина Македонска Каменица на 25$^{та}$ седница одржана на ден 30.06.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Годишниот план за вработување во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица за 2024 година**

**Член 1**

Советот на Општина Македонска Каменица дава согласност на Годишниот план за вработување во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица за 2024 година заведен под бр.04-203/1 од 09.06.2023 година.

Годишниот план за вработување е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-1304/1** **Совет на општина М.Каменица**
**30.06.2023 г.** **Претседател**
**М.Каменица** **Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на барање за одобрување на парични средства на ЗГ КУД „Вера Јоциќ“ Македонска Каменица.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица".

**Бр.09-1305/1**
**30.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица" бр.20/9 и 38/20), Советот на општина Македонска Каменица на 25$^{та}$ седница одржана на ден 30.06.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на барање за одобрување на парични средства**

**Член 1**

Советот на општина Македонска Каменица го усвои барањето бр.08-1172/1 од 09.06.2023 година на ЗГ КУД „Вера Јоциќ" Македонска Каменица за за одобрување на парични средства за покривање на трошоците за учество на културната манифестација „ Македонска вечер" во организација на Македонското здружение „Заедно-Инсиеме" општина Рикалдоне, Република Италија која ќе се одржи на ден 15.07.2023 година.

Барањето на ЗГ КУД „Вера Јоциќ" Македонска Каменица е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Од Буџетот на општина Македонска Каменица од Програма А0, ставка 464, потставка 464990 – други трансфери, ќе се исплатат парични средства во износ од 250.000,00 денари на сметката на ЗГ КУД „Вера Јоциќ" Македонска Каменица.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица".

**Број 08-1306/1**
**30.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица" бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Македонска Каменица и општина Делчево.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-1307/1**
**30.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р**

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија” бр.79/2009), член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Советот на Општина Македонска Каменица на 25$^{та}$седница одржана на ден 30.06.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**За утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонска Каменица и Општина Делчево**

**Член 1**

Советот на општина македонска Каменица го утврдува предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка поднесен од Градоначалникот на Општина Македонска Каменица број.09-1099/1 од 26.05.2023 година за вршење на работите од обласата на инспекциски надзор - инспекторат со ангажирање на овластен градежен инспектор помеѓу Општина Македонска Каменица и општина Делчево

**Член 2**

Утвдрениот предлог од член 1 на оваа Одлука се доставува до општина Делчево заради усвојување.

**Член 3**

Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-1308/1**
**30.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за востоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Македонска Каменица и општина Делчево.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09- 1309/1** **Градоначалник**
**30.06.2023 г.** **Димчо Атанасовски с.р**
**М.Каменица**

Врз основа на член 4 став 3, а во согласност со член 9 став 2 алинеја 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен весник на Р.Македонија” бр.79/2009), член 14 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Советот на општина М.Каменица на 25та седница одржана на ден 30.06.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За воспоставување на меѓуопштинска соработка**

**Член 1**

Општина Македонска Каменица ќе воспостави меѓуопштинска соработка со општина Делчево за вршење на работи и работни задачи во Одделението за инспекциски надзор - инспекторат - овластен градежен инспектор.

Меѓуопштинска соработка од член 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку склучување на Договор за меѓуопштинска соработка со кој ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски на општините.

Договорот за меѓуопштинска соработка ќе биде склучен со потпишување од страна на градоначалниците на општините Македонска Каменица и Делчево, по претходно донесени Одлуки од страна на Советите на општините.

**Член 2**

По склучувањето на Договорот од член 1 на оваа Одлука, овластениот градежен инспектор ќе ги извршува своите работни задачи во општина Македонска Каменица по барање на општина Македонска Каменица.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина М.Каменица“.

**Број 08-1310/1**
**30.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на барање за одобрување на парични средства на Ратко Гоцевски од Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09- 1311/1**
**30.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), а во врска со Правилникот за правото на користење, начинот и висината на одредување на еднократна парична помош бр.08-364/1 од 27.02.2023 година Советот на општина Македонска Каменица на 25та седница одржана на ден 30.06.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на барање за исплата на парични средства**

**Член 1**

Советот на општина Македонска Каменица го усвои барањето на Ранко Гоцевски од Македонска Каменица заведено под бр.08-1234/1 од 22.06.2023 година за одобрување на парични средства за болничко лекување.

Барањето на Ранко Гоцевски од Македонска Каменица е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Од Буџетот на општина Македонска Каменица од Програма А0, ставка 471, потставка 471990 – друга социјална помош ќе се исплатат парични средства во износ од 30.000,00 денари на сметката на Ранко Гоцевски од Македонска Каменица.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица".

**Број 08-1312/1**
**30.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица" бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на барање за одобрување на парични средства на Стојмир Костовски од Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица".

**Бр.09-1313/1**
**30.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица" бр.20/2019 и 38/20), а во врска со Правилникот за правото на користење, начинот и висината на одредување на еднократна парична помош бр.08-364/1 од 27.02.2023 година Советот на општина Македонска Каменица на 25$^{та}$ седница одржана на ден 30.06.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на барање за исплата на парични средства**

**Член 1**

Советот на општина Македонска Каменица го усвои барањето на Стојмир Костовски од Македонска Каменица заведено под бр.08-1235/1 од 22.06.2023 година за одобрување на парични средства за болничко лекување.

Барањето на Стојмир Костовски од Македонска Каменица е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Од Буџетот на општина Македонска Каменица од Програма А0, ставка 471, потставка 471990 – друга социјална помош ќе се исплатат парични средства во износ од 15.000,00 денари на сметката на Стојмир Костовски од Македонска Каменица.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-1314/1**
**30.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решение**

1. Се прогласува Решението за разрешување и именување на член на Управен Одбор на КИЦ„ Романса“ Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09- 1315/1**
**30.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 35, 36 и 38 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 ) и член 20 од Статутот на Општина М.Каменица („Службен гласник на Општина М.Каменица“ бр.20/19 и 38/20), Советот на Општина Македонска Каменица на 25<sup>та</sup> седница одржана на ден 30.06.2023 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на член на Управен одбор на КИЦ „Романса” Македонска Каменица**

**Член 1**

Од член на Управен одбор на КИЦ „Романса” Македонска Каменица се разрешува:

1.Александра Ивановска

За член на Управен одбор на КИЦ „Романса” Македонска Каменица се именува:

1. Драган Ѓорѓиевски

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина М.Каменица.

**Број 08-1316/1**
**30.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЕЛС МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**

ул. „Каменичка“ бр.2 Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk; www.makedonskakamenica.gov.mk

Бр.09-1354/1,

06.07.2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 2, точка 3, член 51 од Закон за локална самоупрва („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 12, член 15, член 16 и член 20 од Законот за домување („Службен весник на РМ" бр. 99/2009, 57/2010, 98/2010, 127/201, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 38/2012, 55/2013, 163/2013, 42/2014, 199/2014, 146/2015, 31/2016, 64/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 302/2020 и 150/2022) член 49 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Службен гласник на Општина Македонска Каменица“ бр.20/19 и 38/20), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За запирање на објавување на Одлука на Совет**

**СЕ ЗАПИРА ОБЈАВУВАЊЕТО** во „Службен гласник на Општина Македонска Каменица“ на Одлука бр.08-1317/1 за усвојување на барање за одобрување на финансиска помош на заедница на сопственици на посебни делови на станбена зграда Кула 2 што се наоѓа на ул„ Самоилова“ Македонска Каменица за покривање на трошоците за поправка и сервисирање на лифтот во износ од 415.618,000 денари донесена на ден 30.06.2023 година од страна на Советот на Општина Македонска Каменица.

Објавувањето на Одлука бр.08-1317/1 од 30.06.2023 година донесена од Советот на Општина Македонска Каменица **се запира**, бидејки е спротивна на член 12, член 15, член 16 и член 20 од Законот за домување.

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Општина Македонска Каменица на 25-та редовна седница одржана на ден 30.06.2023 година донесе Одлука бр.08-1317/1 за усвојување на барање за одобрување на финансиска помош на заедница на сопственици на посебни делови на станбена зграда Кула 2 што се наоѓа на ул„ Самоилова Македонска Каменица. Со оваа одлука Советот на општина Македонска Каменица го усвои предлогот на Претседателката на Советот за одобрување на парични стредства на станарите на Кула 2 за покривање на трошоците за поправка и сервисирање на лифтот во износ од 415.618,000 денари.

Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го запира објавувањето во службено гласило на Одлука бр.08-1317/1 од 30.06.2023 година донесена од Советот на Општина Македонска Каменица, бидејки Советот донесе Одлука која е спротивена на Одлуката за усвојување на Буџетот за 2023 година и Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2023 година како и на член 12, член 15, член 16 и член 20 од Законот за домување, а од следните причини:

Во Одлуката за усвојување на Буџетот на Општина Македонска Каменица за 2023 година и Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2023 година донесени на 31.12.2022 година не се предвидени финансиски средства за таа намена и не постои соодветна ставка во Буџетот за исплата на средства по тој основ, ниту пак од страна на Советот на општина Македонска Каменица е донесено програма со која се предвидува одобрување на финансиски средства за тековно и инвестиционо одржување на индивидуални и колективни станбени објекти.

Согласно член 12 од Законот за домување„ (1) За извршување на мерките и активностите за редовно одржување на станбената зграда, сопствениците на посебните делови на собир на сопственици донесуваат план за одржување за период од најмалку една година, а најмногу за пет години. (2) Во планот за одржување се утврдуваат мерките и активностите за извршување на работите за одржување што ќе се преземат во тековната година и начинот на обезбедување на паричните средства за нивно извршување. (3) Планот за одржување може да ги вклучува и активностите околу подобрување на пристапноста во постоечките објекти. (4) Планот од ставот (1) на овој член ќе се смета за донесен, доколку го усвојат сопствениците на посебните делови кои поседуваат повеќе од половина од станбениот и деловниот простор во зградата. (5) Секој сопственик може да поднесе предлог до надлежниот суд во вонпарнична постапка, да донесе одлука со која се менува или дополнува планот за одржување, доколку смета дека донесениот план за одржување не ги содржи основните услови неопходни за користење на заедничките простории, во согласност со нивната основна намена или се користат спротивно на намената. (6) Сопствениците на посебните делови се должни да го спроведуваат донесениот план за одржување. (7) Доколку сопствениците на посебните делови не го спроведуваат донесениот план за одржување, секој сопственик на посебен дел може да ја извести инспекциската служба во општините, односно општините во градот Скопје да изврши инспекциски надзор и доколку утврди дека некои од сопствениците не го спроведуваат донесениот план за одржување ќе донесе решение“.

Согласно член 15 од Законот за домување „(1) Сопствениците на посебните делови се одговорни за плаќање на сите трошоци за управувањето и другите трошоци што потекнуваат од станбена зграда во согласност со своите сопственички делови, ако со договорот за заемни односи поинаку не е утврдено. (2) За трошоците што настанале со преземање на активности врз основа на одлуки донесени на начин пропишан со овој закон одговараат сите сопственици на посебните делови без оглед на тоа дали гласале против предложените одлуки. (3) Новиот сопственик на посебен дел на зграда, за трошоците од ставот (1) на овој член што настанале пред стекнувањето на неговото право на сопственост, дава писмена изјава до управителот, односно до претседателот на заедницата на сопственици дека солидарно ќе одговара за трошоците што ги имал поранешниот сопственик. (4) Сопственикот кој го продава посебниот дел пред потпишување на договор за купопродажба на посебниот дел е должен да му ја достави на купувачот потврдата од членот 34 став (1) од овој закон“

Согласно член 16 од Законт за домување „Со посебните заеднички делови управуваат сопствениците на посебните делови на кои им припаѓаат овие заеднички

делови и ги поднесуваат сите потребни трошоци за тие делови, во зависност од големината на посебните делови".

Согласно член 20 од Законт за домување „(1) Управителот е должен редовно да се грижи за вршење на поправки од помал обем (замена на сијалици, приклучоци, мали молерски работи, замена на резервни делови и слично) на заедничките делови на станбената зграда. Трошоците за овие поправки ги поднесуваат сопствениците на посебните делови сразмерно на големината на нивните посебни делови. (2) Извршувањето на работите од ставот (1) на овој член управителот го врши според настанатите потреби и по свое наоѓање и за извршените работи е должен во рок од 15 дена да состави писмен извештај и да го достави на собирот на сопственици".

Имајки во предвид дека Одлуката за усвојување на барањето бр.08-1317/1 од 30.06.2023 година донесена од Советот на Општина Македонска Каменица е спротивна на Законот за домување, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица е должен да постапи согласно член 50 став 1 точка 2, точка 3 и член 51 од Законот за локалната самоуправа и да го запре нејзиното објавување во службеното гласило „Службен гласник на Општина Македонска Каменица".

**Согласно член 50 став 1 точка 2 и точка 3, од Законот за локалната самоупрва** „Градоначалникот ја контролира законитоста на прописите на советот и ги објавува прописите на советот во службеното гласило на општината."

**Согласно член 51 од Законот за локалната самоуправа** „Ако Градоначалникот смета дека прописот на советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.

(2) Советот е должен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението од ставот 1 на овој член, да го разгледа решението и да одлучи по него.

(3) Ако советот го потврди прописот, градоначалникот е должен да го објави и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

(4) За иницијативата од ставот (3) на овој член градоначалникот е должен да го информира министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа."

Имајки во предвид напред наведеното Градоначалникот на Општина Македонска Каменица одлучи како во диспозитивот на Решението.

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ПРАВНА ПОУКА**: Советот е должен, во рок од 15 дена, да го разгледа Решението и да одлучи по него.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Димчо Атанасовски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за прогласување на Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија, правните лица во областа на спортот и здруженија на граѓани...........................стр.1

2. Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија, правните лица во областа на спортот и здруженија на граѓани.........................................................................стр.1-13

3. Заклучок за прогласување на Одлука за недавање согласност за измена на годишен план за вработување во ЈП „Камена Река“ Македонска Каменица за 2023 година....................................................................................................стр.14

4. Одлука за недавање согласност за измена на годишен план за вработување во ЈП „Камена Река“ Македонска Каменица за 2023 година........................................стр.14

5. Заклучок за прогласување на Одлука за давање согласност на годишен план за вработување во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица за 2024 година...............................................................................................стр.14-15

6. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица за 2024 година................................стр.15

7. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на барање за одобрување на парични средства на ЗГ КУД „Вера Јоциќ“ Македонска Каменица..............стр.15-16

8. Одлука за усвојување на барање за одобрување на парични средства на ЗГ КУД „Вера Јоциќ“ Македонска Каменица.....................................................стр.16

9. Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Македонска Каменица и општина Делчево.............................................................стр.16-17

10. Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Македонска Каменица и општина Делчево.........стр.17

11. Заклучок за прогласување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Македонска Каменица и општина Делчево.............стр.18

12. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Македонска Каменица и општина Делчево...................................................................стр.18-19

13. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на барање за одобрување на парични средства на Ранко Гоцевски од Македонска Каменица..................стр.19

14. Одлука за усвојување на барање за одобрување на парични средства на Ранко Гоцевски од Македонска Каменица..............................................................стр.19-20

15. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на барање за одобрување на парични средства на Стојмир Костовски од Македонска Каменица...................стр.20

16. Одлука за усвојување на барање за одобрување на парични средства на Стојмир Костовски од Македонска Каменица.............................................................стр.20-21

17. Заклучок за прогласување на Решение за разрешување и именување на член на Управен Одбор на КИЦ„Романса“ Македонска Каменица................................стр.21

18. Решение за разрешување и именување на член на Управен Одбор на КИЦ„Романса“ Македонска Каменица.........................................................................стр.21-22

19. Решение за запирање на објавување на Одлука за Совет за усвојување на барање за одобрување на финансиска помош на заедница на сопственици на посебни делови на станбена зграда Кула 2 што се наоѓа на ул„ Самоилова“...........стр.23-25

20. Содржина…………………………………………………………………..............стр.26-27